# FOREVER

MACEDONIA

Јули 2015 | Број 165















# Заштитете ја вашата кожа во летниот период со производите на ФЛП!

Сонцето е извор на живот. Ограниченото изложување на сонце е од голема корист за нашето целокупно здравје, бидејќи му помага на телото да произведе витамин Д кој е од големо значење за здравјето на коските. Но, прекумерната изложеност на сонце е причинител број еден за надворешното стареење кај луѓето, како и појавата на некои други кожни заболувања. Едноставно кажано, сонцето емитира ултравиолетови зраци кои физичарите ги класифицираат во три вида, зависно од нивната бранова должина: UVA, UVB и UVC. Димензиите на нивната бранова должина се околу 400-320 нанометри (nm) за UVA, 320-290 nm за UVB, и 290-200 nm за UVC. Иако може да изгледа чудно, колку е пократка брановата должина и помал бројот, толку е поголемо енергетското ниво на светлината и може да направи поголемо оштетување. На пример, директна изложеност на UVC зраци,за даден временски период може да ја уништи кожата. За среќа, UVC зраците целосно се апсорбираат од гасовите во атмосферата пред да стигнат до површината на земјата.




Подолгите ултравиолетови зраци од UVB и UVA, минуваат низ атмосферата, дури и кога е облачно. Затоа може да се здобиете со изгореници дури и кога времето е облачно или магловито. Молекулите кои се наоѓаат во кремите за сончање ги апсорбираат повеќето UVB зраци за тие да не допрат до вашата кожа, исто како што молекулите на атмосферата ги апсорбираат UVC зраците и спречуваат тие да стигнат до површината на земјата.



Сепак, ултравиолетовата светлина, наречена UVA може да биде важен фактор во предизвикувањето на други видови оштетувања на кожата, вклучувајќи стареење на кожата и развој на рак на кожата. Повеќето заштитни креми за сончање даваат добра заштита и ги блокираат UVB зраците, но ги пропуштаат повеќето UVA зраци. Тековните истражувања во врска со ултравиолетовите (UV) зрачења и нивниот ефект врз кожата, покажуваат колку заштитните креми може да играат важна улога во заштитата на кожата. Тие делуваат така што ги апсорбираат, рефлектираат или ги разбиваат сончевите зраци на кожата.

Кремите за сончање можат да се поделат во две категории: природни блокатори на сончевите зраци, како што се цинкот и титаниумот, и хемиски заштитни агенти. Природните креми за сончање ги блокираат UV зраците со физичка бариера, додека хемиските креми ги апсорбираат UV зраците и ги неутрализираат во ткивата на кожата. Природните креми за сончање ви нудат SPF заштита без токсични хемиски агенти.

**Што е SPF?** SPF претставува заштитен фактор од сонце. Тој го означува времето кое е потребно за вашата кожа да почне да гори, помножено со SPF бројот на заштитниот фактор. Пример: ако на вашата кожа и е потребно 5 минути да изгори без заштитен фактор, со заштитен фактор 15 ќе бидат потребни 75 минути за таа да изгори. Многумина претпоставуваат дека повисок SPF значи и поголема заштита. Сепак, разликата во филтрирање на UV зраците помеѓу SPF 15 и SPF 30 е само една минута. Ако филтрацијата со SPF 15 е 96%, со SPF 30 ќе биде 98%. Затоа, вообичаено природен крем за сончање со SPF 30 е повеќе од доволен за заштита од сонце.

**Зошто ФЛП крем за сончање?** Добро прашање! Бидејќи кремот за сончање е производ кој се препорачува да го нанесувате во поголемиот дел од денот, месец по месец и година по година, важно е производот не само да ја штити, туку и да ја негува и смирува вашата кожа. **Forever Aloe Sunscreen** го обезбедува токму тоа! Комбинирајќи ја модерната наука со најдобрите природни состојки, овој ефикасен крем за заштита од сонце, ѝ помага на кожата да се смири, ја хидратира, ја задржува влажноста и ја штити кожата од сонце и ветер. Со заштитен фактор 30, **Forever Aloe Sunscreen** ефикасно штити и од UVA и UVB зраците. Овој сатенски, нежен лосион, направен со чист стабилизиран алое вера гел, ја одржува влажноста на кожата и нејзиниот природен баланс.

За да ги имате најдобрите резултати, слободно нанесете на сите непокриени делови од телото, 15-30 минути пред да се изложите на сонце. Повторете доколку има потреба или кожата ја чувствувате сува, или на секои 40 минути доколку престојувате во вода.

Уживањето на летните сончеви зраци никогаш не било поубаво. Со користењето на ФЛП производите, летото и сонцето ќе станат ваши пријатели.

# Надвор од бариерите

Можете ли да си претставите како е да мечтаеш толку смело, и да постигнеш нешто за кое никој дотогаш не верувал дека е можно? Сингапур толку многу се променил за само неколку години. При мојата последна посета теренот на кој во моментот се извишува уникатниот хотел Marina Bay Sands беше сосема празен, а години пред тоа, дури бил под океанските води. Изграден за само три години, хотелот е архитектонско чудо со своите три 57-катни кули и најголемиот на свет „бескраен“ базен на врвот! Визијата да создаваш нови територии и да мислиш надвор од традиционалните рамки довела до појавата на нешто извонредно.



Истата посветеност, неподготвеност на компромиси и соништа со поголеми размери од кога и да било, ја доведоа и Форевер до невидени постигнувања. На Глобалното рели во Сингапур ги поздравивме петте нови члена во Глобалниот лидерски тим, објавивме ново ниво на квалификација со 20 илјади бодови, наградивме нови Менаџери „Дијамант“, доделивме најмногу чекови во историјата на компанијата (над $24милиони!) и со гордост го прославивме вртоглавиот успех на новата № 1 земја во светот на Форевер! А кога се вративме дома, добивме уште фантастични вести: за 2015 г. се квалификувале рекорден број нови Сафир Менаџери „Орел“ – дури деветмина! Највозбудливото време да бидеш дел од Форевер е токму сега. А ние со нетрпение ги очекуваме вашите следни постигнувања!

Приказните за вашите успеси кои ги слушаме се неверојатни и инспиративни. Впрегнете ја таа жар и искористете ја за да го распламтите сопствениот бизнис и да ја мотивирате својата екипа.

**Навистина нема ограничување на она што може да се постигне, кога човек работи со воодушевување и посветеност, кога не го жали трудот кој го вложува за да го постигне тоа што го заслужува, и е доволно смел да прави нешта кои другите можеби не ги разбираат или ги сметаат за невозможни.**

Вие што ќе постигнете догодина? Ќе се квалификувате за Глобалното рели во Јоханесбург, ќе постигнете повисоко ниво во програмата Chairman’s Bonus, ќе станете Менаџер „Орел“ или ќе си поставите за цел да им помагате на луѓето околу себе да ја откријат можноста за бизнис со Форевер и да изгледаат и да се чувствуваат подобро?

Исто како што визионерот загледан во океанот, смислил да изгради исклучителен хотел и имал смелост да го претвори неможното во реалност, одлуката е во вашите раце, а можностите се неограничени, исто како вашата имагинација.

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan

# Создадете си сопствен професионален веб сајт со ФЛП360

Апликацијата за креирање на личен веб сајт е меѓу најимпресивните. Веб сајтот ќе обезбеди онлајн присуство на вашиот Форевер бизнис и ќе ве поврзе со нови луѓе.Неодамна оваа алатка стана уште подобра,бидејќи во неа додадовме нови, атрактивни шаблони за сајтови кои можете со леснотија да ги прилагодите. ФЛП360 ви дава можност да си направите до четири одделни веб страни со различни насоки, за да привлекувате повеќе клиенти и кандидати-соработници. Содржината на направените со ФЛП360 интернет страници е достапна на многу јазици и вие сами избирате кои од нив ќе ги понудите на посетителите на вашиот сајт. Со други зборови - можете брзо и лесно да го претставите вашиот бизнис на своите пријатели и познаници од целиот свет.

**Уникатната платформа за управување и развој на бизнисот ФЛП360 нуди многу возбудливи алатки за РАСПЛАМТУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ.**




## Личен веб сајт

Посетителите ќе имаат можност да ги видат вашето име, слика, нивото во маркетинг планот и регистарскиот број, за да знаат точно со кого работат.

## Прилагодена содржина и слики

Сите готови шаблони на сајтовите дозволуваат уредување на текстовите и сликите. Дајте им личен белег за да го претставаат вашиот бизнис на начинот на кој вие го гледате.

## Уникатен домен

Сами ги избирате своите URL адреси во доменот FLP.com, за вашиот бизнис да биде препознатлив.

## Адаптивен дизајн

Шаблоните за веб сајтовите се создадени така да може да се адаптираат кон секој екран и секој уред - од големи монитори до малите екрани на таблети и паметни телефони. Ете зошто се идеални за вашиот мобилен бизнис.

## Нови контакти

Податоците на секој нов посетител, кој го пополнил формуларот за контакт со вас во личниот веб сајт, автоматски ќе се појавуваат во модулот за управување на комуникацијата со партнерите на вашиот ФЛП360.

## Атрактивни шаблони

Со ФЛП360 можете да направите до четири различни веб сајтови. Професионално дизајнираните шаблони имаат специфична насоченост-производи, бизнис можности, како и најновите дополнувања за пакетот Vital 5 и фантастичните програми за слабеење Форевер Ф.И.Т. И продолжуваме да создаваме нови сајтови за вас и вашиот бизнис.

## Јазици

Сами одредувате кој е главен јазик на секој од вашите сајтови, исто така и кои други јазици да можат да ги избираат вашите посетители од други земји.

## Што чекате?

Претплатете се за ФЛП360 уште денес! Направете го вашиот веб сајт, ќе добиете пристап до уникатни извештаи, ќе комуницирате со вашите кандидати, клиенти и партнери и што ли уште не! Инструкциите како да се претплатите ќе ги најдете на bit.lyFLP360a.

# Изборот е ваш!

Здраво драги СОПСТВЕНИЦИ НА ФОРЕВЕР БИЗНИС,

Летото е веќе во полн замав и сите вие веројатно сте сериозно ангажирани со учеството во летниот предизвик. Спонзорирањето на нови соработници и додавањето на нов бизнис кон постоечкиот сигурно ќе ги зголеми вашите месечни бонуси, но и ќе ви даде можност за учество во многу дополнителни програми за стимулирање како Менаџер „Орел“, програмата за кола Forever2Drive, учество на Глобал рели, преминување на ново ниво во маркетинг планот, како и многу други.



Минатиот месец зборувавме за алатките за успешно градење на Форевер бизнис, но ајде уште еднаш да се потсетиме дека ако сакаме да привлечеме во бизнисот работливи соработници, треба да бараме луѓе кои имаат потреба да си го променат животот, ја сакаат таа промена, бараат можност да ја направат и се подготовени да го поминат неопходниот пат за неа. За да ги откриеме, треба директно или индиректно да ги испровоцираме да одговорат дали сето тоа се однесува за нив.

Градењето на сопствен бизнис со Форевер не бара финансиски инвестиции, но како и секој друг бизнис бара да му се посвети време и здраво да се работи. Списоците со имиња, поканите, презентациите, планирањето на бизнисот и работата со новоспонзорираните соработници треба секојдневно да се присутни во вашиот план, ако навистина сакате да успеете. Изборот е само ваш! Дали ќе сакате само да ги препорачувате производите на луѓето од вашата околина и да добивате по 100-150 евра месечно? Или ќе градите мал тим од партнери, кои исто ќе ги препорачуваат производите, за да ги удвоите доходите? Или пак ќе работите напорно и ќе привлекувате и работите со луѓе, подготвени како вас да вложат сериозен труд за да си обезбедите навистина неограничени финансиски приходи, време и слобода сами да ја одредите иднината? Да, изборот навистина е во вашите раце!

И независно каков ќе биде тој, не треба да заборавиме дека Форевер е компанијата со која можеме да изгледаме подобро и да се чувствуваме подобро. Нема човек околу нас, на кој не му се потребни нашите решенија за оптимална исхрана како месечната програма Витал5 на пример. А ако сме одлучиле дека сакаме да започнеме да се храниме вистински и правилно, речиси и да нема подобар начин да го подготвиме организмот за тоа од 9-дневната програма Клин 9. Претворете ги овие две дополнителни алатки во основен дел од вашиот работен арсенал и бизнисот со Форевер ќе биде уште поуспешен, ви гарантираме!

Засекогаш Ваши и... насмевнати ☺,

**Стефан и Тања Стаеви**

# SUCCESS DAY
# 13.06.2015






















































На следните линкови на youtube се поставени 2-те презентации на Форевер Ливинг Продактс со аудио верзија.

Освен тоа, ќе ги пронајдете и најновите 2 филма „Првите чекори“ и „Одлука“

**„Одлука“** видео https://youtu.be/KiHb5DLMXOk
Презентација за **„Бизнис можност“** https://youtu.be/-VAxmtL2x-c
**„Првите чекори“** видео https://youtu.be/yOVVWapJv5A
**„Маркетинг план“** https://youtu.be/QQkeKTjZyyI

Ви посакуваме успешно лето!



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУНИ 2015 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Арсова Тина – Кочани
2. Атанасов Дејан – Свети Николе
3. Велевска Јасмина – Гевгелија
4. Деспотовиќ Биљана – Куманово
5. Јаневска Наташа – Велес
6. Кацинари Лаура – Скопје
7. Марковиќ Ксенија – Скопје
8. Мицевски Јовица – Скопје
9. Никовска Сузана – Скопје
10. Темелкова Васка – Струмица
11. Тодорова Марија –Гевгелија

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Славица Донакова
5. Катерина Трајчевска
6. Др.Снежана Контра
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Младен Димовски
10. Зорка Малинова

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Славица Донакова
4. Вера Златковска
5. Слафко Михајловски
6. Др.Снежана Контра
7. Младен Димовски
8. Стевица Димовска
9. Катерина Трајчевска
10. Зорка Малинова







**Услови за добивање подарок- маица со логото од FIT програмата**

- сите СФБ на ниво Новус и Ас.Супервизор со порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код
- сите Супервизори, Ас.Менаџери и Менаџери со порачки во вкупна вредност од најмалку 2 бода на личен код
- за секој купен пакет Clean 9 се добива 1 маица
- за секој купен пакет FIT1 или FIT2 се добиваат 2 маици

Промоцијата ќе трае до исцрпување на количините! Количините се ограничени!

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните промоции и настани.**

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.